# АДИНГКОЛОР-РФ

*Висококвалитетна боја за заштитна, декоративна и долготрајна завршна обработка на надворешни (фасадни) површини изработена врз основа на синтетички смоли и растворувачи*

## Област на примена:

Се користи како заштитна и декоративна завршна обработка на бетонски и малтерисани надворешни (фасадни) површини кај сите видови објекти во високоградбата. Се користи и при санација и обнова на фасади на стари објекти.

## Својства:

- еднокомпонентен материјал;
- можност да се тонира и нијансира во различни бои;
- одлична покривна моќ;
- отпорност и постојаност на атмосферски влијанија;
- UV стабилен;
- водонепропустлив;
- отпорност на благи агресии;
- одлична адхезија за подлогата;
- лесен е за изведба и не бара специјален алат;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска маса: | 1,2 - 1,3 гр/см$^3$ |
| Содржина на суви материи: | 68-70 % |
| Време на сушење на аплициран материјал: | 50-60 мин |
| Време на зацврснување на аплициран материјал: | 70-80 мин |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува Адингколор-РФ треба да биде цврста, чиста, обезмастена и обеспрашена. Оптималната температура на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од +10°C до +35°C. За подготовка на подлогата се нанесува претпремаз Прајмер Р. (четка)

## Вградување:

Адингколор-РФ, се нанесува во 2 до 3 слоја, со четка, јарец или со распрскување. За нанесување на првиот слој, Адингколор-РФ се приготвува со бавно мешање на смесата со додавање на Растворувач-П, 5% до 10%. За вториот и доколку е потребен третиот слој, готовата смеса се нанесува без дополнително растворање. Вториот (третиот) слој се нанесува на претходно целосно врзан премаз.
Обработените површини треба да се заштитат од силен провев и дожд во период од 6-12 часа.

## Потрошувачка:

Во зависност од површината на која се нанесува

| | |
|---|---|
| Прајмер Р | 0,15 - 0.25 кг/м$^2$ |
| АДИНГКОЛОР-РФ | 0,40 - 0,50 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со специјален растворувач Растворувач-П, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Адингколор-РФ | во лимени канти од 4 и 20 кг. |
| Прајмер Р | од 5, 10 и 20 кг. |
| Растворувач-П | од 1, 5,10 и 20 кг. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба: 6 месеци.

## Стандардни бои:

Адинг - стандардна тон карта / број 2

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон-карта, на посебно барање на купувачот.

Опасност по здравјето: Производите содржат реактивни состојки кои во неврзана состојба делумно штетно влијаат на здравјето. При вградување задолжително е користење на заштитна опрема; ракавици, маска и очила. Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднаш да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингколор-РФ и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат блиску до отворен оган или да се пуши за време на употребата.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингколор-РФ се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.